Врз согласност со чл.385, 387, 388, 388-а од Законот за трговски друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/2004; бр.25/2007; бр.42/2010; бр.61/16) и чл. 25 од Статутот на акционерското друштво за производство, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук Фруктал Мак - Скопје, с.Моране, Управниот одбор објавува :

## ЈАВЕН ПОВИК

## За свикување на седница на собрание на акционери на ФРУКТАЛ МАК АД СКОПЈЕ

Се известуваат акционерите на друштвото дека седницата на собранието ќе се одржи на ден 03.12.2021 година со почеток во 14:00 часот, во просториите на Фруктал мак АД Скопје, со седиште во с.Моране,ул.5 бр.41, Скопје.

За собранието на Акционерското друштво се предлага следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**Процедурален дел :**

1.Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;

2.Утврдување на кворум за работа;

3.Избор на Претседавач на Собранието;

**Работен дел :**

4.Усвојување на записникот од собранието на акционери одржано на ден 31.05.2021 година

5. Предлог одлука за донесување и одобрување на зделки со заинтересирани страни

Акционерите треба да го пријават своето учество на собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание со писмена пријава за учество во седиштето на друштвото.

Секој акционери може да овласти свој полномошник на Собранието со полномошно дадено во писмена форма и заверено на нотар.

Акционер може да овласти свој полномошник и со полномошно дадено во писмена форма кое не е заверено на нотар, при што акционерот кој го издал полномошното треба веднаш писмено да го извести друштвото за даденото полномошно кое треба да биде приложено кон прријавата за учество. Акционерот кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.

Акционерите кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да предложат дополнување на дневниот ред со вклу;ување на една или повеќе точки во дневниот ред на собрание кое е веќе свикано,ако истовремено приложат и образложение за предложената точка или ако предложат одлука по предложената точка, како и да предлагаат одлуки и да поставуваат прашања до друштвото за точките на дневниот ред.

Барањето за вклучување точки во дневниот ред на собранието кое што е свикано, предлагањето одлуки и поставувањето прашања се доставува до свикувачот на собранието во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на собранието.

Увид во материјалите од дневниот ред акционерите можат да извршат 15 дена пред одржувањето на собранието во просториите на друштвото во Скопје,с.Моране, од 08:00-16:00 часот како и на интернет страната на друштвото www.fructal.com.mk на која се објавени и сите информации согласно чл.388-б од Законот за трговски друштва.

Претседател на Управен одбор

Зоран Ѓуриќ

Врз основа на чл.383, чл.384 ст.2 т.7, член 457, чл.460 ст.3 И чл.460-а од Законот за трговски друштва и чл.33 од Статутот на Фруктал Мак АД Скопје , Акционерите на Друштвото на Годишното Собрание одржано на ден 03.12.2021 година донесоа :

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

За одобрување на зделки со заинтересирани страни

**Член 1**

Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамките на редовното работење (**купување, продавање, услуги, лиценци и дистрибуција**) , СЕ ОДОБРУВА Фруктал Мак АД Скопје да склучува зделки со заинтересирани страни по тековни пазарни услови за слични типови на трансакции и тоа:

1. **Зделка со Фруктал ДОО, Ајдовшина, Словенија како продавач на стоки и дават ел на услуги по пазарни услови**:

   - лиценци до 100.000 ЕУР
   - репроматеријали, суровини до износ од 780.000 ЕУР
   - дистрибуција и други услуги до износ од 250.000 ЕУР

   **Зделка со Фруктал ДОО, Ајдовшина, Словенија како купувач на стоки и корисник на услуги по пазарни услови:**

   - репроматеријали, суровини до износ од 40.000 ЕУР
   - полупроизводи до износ од 430.000 ЕУР

   чија поединечна или кумулативна вредност за секоја ставка посебно за период од денот на донесувањето на оваа одлука до одржување на следното годишно собрание нема да надмине износ од 2.000.000 ЕУР

2. **Зделка со Нектар Србија како продавач на стоки и давател на услуги по пазарни услови**:

   - лиценци до 40.000 ЕУР
   - репроматеријали, суровини до износ од 1.200.000 ЕУР
   - дистрибуција и други услуги до износ од 65.000 ЕУР

**Зделка со Нектар Србија како купувач на стоки и корисник на услуги по пазарни услови:**

- готови производи, сокови и сирупи до износ од 50.000 ЕУР
- полупроизводи до износ од 200.000 ЕУР
- репроматеријали, суровини отпадна Амбалажа до износ од 10000 ЕУР

чија поединечна или кумулативна вредност за секоја ставка посебно за период од денот на донесувањето на оваа одлука до одржување на следното годишно собрание нема да надмине износ од 2.000.000 ЕУР

**Член 2**

Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамките на редовното работење(**давање и земање на заеми;кредити и гаранции**), СЕ ОДОБРУВА Фруктал Мак АД Скопје да склучува зделки со заинтересирани страни по тековни пазарни услови за слични типови на трансакции и тоа:

3. **Зделка со Фруктал ДОО, Ајдовшина, Словенија за** :
   - примање на заем, кредит, плаќање на камати и останати работи од тековно работење по пазарни условии тоа 3м ЕУРИБОР + 2 процентни поени, чија поединечна или кумулативна вредност за секоја ставка посебно за период од денот на донесувањето на оваа одлука до одржување на следното годишно собрание нема да надмине износ од 2.500.000 ЕУР

**Член 3**

СЕ ОВЛАСТУВААТ членовите на Управен одбор, да ги преземат сите потребни дејствија за потпишување на договори и анекси со заинтересираните страни наведени во членовите 1 и 2 од ова Одлука, со важност за период од најмалку 12 месеци , а заради спроведување на истата.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Претседавач на собрание**

_______________________

# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА

## АНГАЖМАН ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА НА ФРУКТАЛ МАК АД, Скопје

**Скопје, Ноември 2021**

# СОДРЖИНА

| Опис | Страна |
|---|---|


| | |
|---|---|
| 1.Извештај на независниот ревизор за разумно уверување | 3-6 |
| 1.2.Дополнителни информации за реализација на зделката | 6 |
| 1.3.Одговорност на раководството | 6 |
| 1.4.Одговорност на ревизорот | 7 |
| 1.5. Извршени процедури и извори кои се користени за утврдување на релевантните податоци кои се предмет на анализа | 8 |
| 1.6.Инхерентни ограничувања | 9 |
| 1.7. Изјава дека ангажманот е извршен согласно МСАУ 3000 | 9 |
| 1.8.Резиме на извршената работа | 9-11 |
| 2.Заклучок | 11-12 |
| Изјава на овластениот ревизор | 13 |

Russell Bedford
taking you further

**Расел Бедфорд Атанасовски**
**Доо, Скопје**
Бул.8-ми Септември бр.2-2 спрат 6
бр.613
1000 Скопје
Република Северна Македонија
**Т:** +389 (2) 30 90 495
+389 (2) 30 96 226

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АНГАЖМАН ЗА РАЗУМНО УВЕРУВАЊЕ ВО ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

**До**
**Собранието на акционери на**
**ФРУКТАЛ МАК АД, Скопје**

## 1.Извештај на независниот ревизор за разумно уверување

Ние бевме ангажирани од Управниот одбор на ФРУКТАЛ МАК АД, Скопје, да извршиме ангажман за разумно уверување и да издадеме заклучок во врска со постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна, врз основа на Предлог Одлука на Управниот Одбор од 29 октомври 2021 година, за Собранието на акционери на друштвото закажано на 3.12.2021 година.

### 1.1.Идентификување и опис на информациите за предметната материја – Предмет на зделката со заинтересирана страна

Склучување на договор со ФРУКТАЛ ДД, Ајдовшчина, како продавач на стоки и давател на услуги за:

-користење на лиценца во износ од 100.000 евра;
-набавка на репроматеријали и суровини во износ од 780.000 евра;
-дистрибуција и други услуги до инос од 250.000 евра;

Склучување на договори ФРУКТАЛ ДД, Ајдовшчина, како купувач на стоки и услуги за:

-полупроизводи во износ 430.000 евра;
-репроматеријали и суровини во износ од 40.000 евра;

Склучување на договор со НЕКТАР Србија, како продавач на стоки и давател на услуги за:

-користење на лиценца во износ од 40.000 евра;
-набавка на репроматеријали и суровини во износ од 1.200.000 евра;
-дистрибуција и други услуги до износ од 65.000 евра;

Склучување на договор со НЕКТАР Србија, како купувач на стоки и давател на услуги за:

Давање и земени кредити

-кредит од Фруктал Ајдовшчина Словенија во износ од 2.500.000 евра;

Вкупната вредност на зделката изнесува 5.165.000 евра.

Според содржината оваа Зделка со заинтересирана страна според член 460 точка (1) од Законот за трговските друштва преставува кумулативна вредност на меѓусебно поврзани зделки. Оваа зделка според последните ревидирани годишни финансиски извештаи преставува 57.93 % од вредноста на активата на друштвото, што значи дека надминува 10% од активата.

Воедно со оглед на тоа што вредноста на зделката изнесува над 20% од сметководствената вредност на имотот на друштвото, определена според последнитер ревидирани финансиски извештаи на друштвото, ова е истовремено и голема зделка на која се применуваат одредбите од законот за трговските друштва што се однесуваат на голема зделка со заинтересирана страна.

- Забелешка: според ревидираните финансиски извештаи на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје износот на активата за 2020 година, изнесува 549.175.000 денари.

Временската точка за која се однесува оценка или мерење на зделката е со датумот на Одлуката за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна, а временскиот период на кој се однесува зделката е период од една година.

Според содржината оваа зделка преставува кумулативна вредност на меѓусебно поврзани идни зделки. Конкретната голема зделка со заинтересирана страна, која е предмет на одобрување содржи перспективни финансиски информации предвидени со планот на Друштвото.

## Табеларен преглед на зделката е во продолжение:

## Опис на Зделката со заинтересирана страна:
## -Висина на трансакции

| I. ФРУКТАЛ МАК АД Скопје како купувач на стоки и услуги | Вредност 2020 | валута |
|---|---|---|
| **1.Набавки од ФРУКТАЛ Ајдовшчина Словенија** | | |
| 1.1. Капачиња | 40.549 | евра |
| 1.2. Сламки | 45.599 | евра |
| 1.3. Лепак | 12.533 | евра |
| 1.4.Фолии | 85.633 | евра |
| 1.5. Концентрати | 257.693 | евра |
| 1.6. Каши | 147.849 | евра |
| 1.7. Ароми | 108.057 | евра |
| 1.8. Екстракти | 32.762 | евра |
| 1.9. Емулзии | 33.120 | евра |
| 1.10. Киселинаи заматувач | 16.205 | евра |
| | 780.000 | евра |
| 1.11. Дистрибуција и други услуги | 250.000 | евра |
| **2.Набавки од НЕКТАР Србија** | | |
| 2.1. Репроматеријали | 31.039 | евра |
| 2.2. Фолии | 18.381 | евра |
| 2.3. Картонски кутии | 41.256 | евра |
| 2.4. Капачиња | 11.696 | евра |
| 2.5. Лепак | 5.628 | евра |
| 2.6. Концентрати | 900.000 | евра |
| 2.7. Каши | 115.560 | евра |
| 2.8. Киселини | 76.440 | евра |
| | 1.200.000 | евра |
| 2.9. Дистрибуција на и други услуги | 65.000 | евра |
| **Вкупно набавки** | **2.295.000** | евра |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2020 година** | 549.175.000 | денари |
| % од Активата | 25,74% | |
| **3. Лиценци** | | |
| 3.1. Лиценца ФРУКТАЛ Ајдовшина Словенија | 100.000 | евра |
| 3.2.Лиценца Нектар Србија | 40.000 | евра |
| | 140.000 | евра |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2020 година** | 549.175.000 | денари |
| % од Активата | 1,57% | |
| **4.ФРУКТАЛ МАК АД Скопје како корисник на кредит** | | |
| 4.1. Кредит од Фруктал Ајдовшчина | 2.500.000 | евра |
| | 2.500.000 | евра |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2020 година** | 549.175.000 | денари |
| % од Активата | 28,04% | |

| **II. ФРУКТАЛ МАК АД Скопје како продавач на стоки и услуги** | | **валута** |
|---|---|---|
| **5.Продажби на ФРУКТАЛ Ајдовшчина Словенија** | | |
| 5.1.Полупроизводо (каши) | 430.000 | евра |
| 5.2. Репроматеријали | 40.000 | евра |
| | 470.000 | евра |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2020 година** | 549.175.000 | денари |
| % од Активата | 5,27% | |
| **6.Продажби на НЕКТАР Србија** | | |
| 6.1. Готови производи, сокови и сирупи | 50.000 | евра |
| 6.2. Полупроизводи (каши) | 200.000 | евра |
| 6.3. Репроматеријали, суровини и одпадна амбалажа | 10.000 | евра |
| | 260.000 | евра |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2020 година** | 549.175.000 | денари |
| % од Активата | 2,92% | |
| | | |
| **Се ВКУПНО** | **5.165.000** | **евра** |
| **% од Активата** | **57,79%** | |

## 1.2.Дополнителни информации за реализација на зделката

Друштвото Фруктал Мак АД Скопје, Македонија е основано во 1994 година. Фруктал Мак од 2000 година е во сопственост на Друштвото Фруктал ДД Ајдовшчина Словенија. Во 2020 година, Фруктал ДД Словенија учествува во основната главнина, односно е сопственик 95,92% во Фруктал Мак АД Скопје. Фруктал Мак АД Скопје е членка на Нектар Групацијата и е 100% сопственик на Фруктал ДД Словенија.

Сите три Друштва делуваат како претприемачи на локалниот Пазар и самостојно ги продаваат производите кои што ги произведуваат. Нектар и Фруктал ДД Словенија произведуваат производи, под сопствена трговска марка, додека Фруктал Мак ги произведува производите на Фруктал и Нектар под лиценците на Фруктал ДД Словенија и Нектар кои се сопственици на сите права од интелектуална сопственост на нивните трговски марки. Пазарите се поделени меѓу друштвата во согласност со географската локација, постоечката дистрибуциона мрежа и трошоци за логистика.

## 1.3.Одговорност на раководството

Заинтересираните страни во зделката со заинтересирана страна се обелоденети во Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна.

Управниот одбор на Фруктал Мак АД, Скопје е одговорен за подготовка на Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна,

доставена до Собранието на акционери на друштвото, за седницата на Собранието на акционери, закажано за 3 декември 2021 година, во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва и Законот за хартии од вредност, а особено во врска со фактите дека:

- зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата;
- зделката со заинтересирана страна е фер, односно дека вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови, во согласност со важечките прописи во земјата;
- во зделката со заинтересирана страна не постои несразмерност во заемните давања на страните;
- во зделката со заинтересирана страна не постојат некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета со препораката до малцинските акционери да ја подржат зделката со заинтересирани страни;
- во досегашните финансиски извештаи на Фруктал Мак АД, Скопје реално се прикажани врските и зделките со заинтересирана страна;
- не постојак ризик фактори при реализирање на предметната зделка со заинтресирана страна, особено дека не постојат индикации од аспект на можна измама и манипулација.

Одговорностите на раководството вклучуваат и селекција и воспоставување на соодветно управување со ризикот и внатрешните контроли од кои се добиени информациите, за подготовка на предлогот за уверување и употреба на претпоставките и проценките на индивидуалната одржливост на заклучоците во рамки на дадените околности. Одговорноста на Управниот одбор вклучува и дизајнирање и имплементација на системот и процеси за подготовка на предлогот, како релевантни за подготовка на предлогот.

### 1.4.Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да спроведеме ангажман за разумно уверување, со цел да изразиме заклучок врз основа на нашата работа за тоа дали забележавме некои околности што го привлекле нашето внимание за да веруваме дека предлог одлуката за уверување во врска со препораката за одобрување на зделка со заинтересирана страна, доставена до Собранието на акционери на друштвото, во сите материјални аспекти е подготвена во согласност со критериумите на Законот за трговски друштва и Законот за хартии од вредноста.

Ние го извршивме нашиот ангажман за разумно уверување во согласност со Меѓународниот стандард за ангажмани за уверување (МСАУ 3000), ангажмани за уверување кои не се ревизии или проверка на историски финансиски информации, кои се издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување, одредбите од член 460-а став 2 а в.в. со став 3 од Законот за трговски друштва и Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна, кај акционерско друштво чии акции од вредност котираат на берза (слободен пазар), врз

основа на добиените податоци до 3 ноември 2021 година. Меѓународниот стандард за ангажмани за Уверување (МСАУ 3000), од нас бара да ги исполниме етичките барања и да го планираме и извршиме ангажманот за уверување врз основа на материјалните аспекти за да го изразиме нашиот заклучок за ангажманот за уверување.

Нашиот извештај е изготвен со цел да им помогне на акционерите на Фруктал Мак АД, Скопје да ја оценат валидноста на Предлог одлуката на Управниот одбор во однос на одобрувањето на зделка со заинтересирана страна врз основа на тврдењата на одговорната страна.

Овој Извештај вклучувајќи го заклучокот, е подготвен за целите на усогласеност, со рамката за трансакции со поврзани страни на Фруктал Мак АД Скопје. Ние не прифаќаме или превземаме одговорност, кон никој друг освен кон акционерите на Фруктал Мак АД Скопје.

**1.5. Извршени процедури и извори кои се користени за утврдување на релевантните податоци кои се предмет на анализа**

Ние ја планиравме и ја извршивме нашата работа со цел да обезбедиме докази, информации и објаснувања кои се неопходни за формирање на нашиот заклучок. Согласно рамката на нашиот ангажман при нашата работа покрај другото ги спроведовме следните процедури и ги користевме следните извори на податоци:

- Интервју со повисокиот менаџмент и членови на Управниот одбор, одговорни за подготовка на зделка со заинтересирана страна, како и за свикување и изготвување на Предлог одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна, доставена до собранието на акционери;
- Интервју со одговорните лица за одредени делови на предлог одлуката за издржаност на зделката со заинтересирана страна;
- Увид и анализа на декларираните износи во Предлог одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна;
- Увид и утврдување во однос на тоа дали во досегашните финансиски извештаи на Друштвото реално се прикажани врските и зделките со заинтересирана страна;
- Утврдување на процент на износот на зделката со заинтересиран страна согласно со член 460 точка 1 од Законот за трговските друштва во однос на активата на друштвото определена врз основа на последните ревизирани годишни финансиски извешта;
- Увид во Финансиските извештаи на Фруктал Мак АД, Скопје со извештај на независниот ревизор за 2020 година;
- Увид во тековната состојба на Фруктал Мак АД, Скопје;
- Увид во тековната состојба на Фруктал Мак Ајдовшчина, Словенија ;
- Увид во тековната состојба на НЕКТАР Србија;
- Акционерска книга на Фруктал Мак АД, Скопје издадена од ЦДХВ.

**1.6.Инхерентни ограничувања**

Методите на вреднување, како и отсуството на перфектен пазар, воспоставената пракса на споредба за различни но прифатливи техники на мерење може да резултира со материјално различно вреднување и може да влијае на споредливоста.
Според содржината оваа зделка преставува кумулативна вредност на меѓусебно поврзани идни зделки. Конкретната зделка со заинтересирана страна, која е предмет на одобрување содржи перспективни финансиски информации, предвидени во Планот на Друштвото. Заради ваквата состојба дури и да се случат настаните кои се предвидени со хипотетичките претпоставки во однос на предвидената зделка, сепак фактичките резултати веројатно ќе се разликуваат од проекциите бидејќи други предвидени настани не се случуваат, како што се очекува (флуктуација на девизен курс, флукутуација на цената на горивата и физичкиот обем на транспорт).

**1.7. Изјава дека ангажманот е извршен согласно МСАУ 3000**

Нашиот ангажман го извршивме во согласност со Кодексот на етика на професионалните сметководители издаден од страна на Одборот на сметководители за меѓународни етички стандарди.

Ние потврдуваме дека нашиот ангажман го извршивме во согласност со Меѓународниот стандард за ангажмани за уверување (МСАУ 3000), ангажмани за уверување кои не се ревизии или проверка на историски финансиски информации кои се издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување,одредбите од членот 460-а став 2 а в.в. со став 3 од Законот за трговските друштва и Правилникот за содржината и формата на мислење што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии акции котираат на берза (Сл.весник на РМ 67/2013) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на мислење што овлсатениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана стран кај акционерски друштва чии хартии од вредност котираат на берза(Сл.Весник на РМ 182/2015) .

Овој извештај се однесува на изнесеното во Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна по однос на точка на дневниот ред од Собранието на акционери закажано за 3 декември 2021 година и не се однесува на работењето на Друштвото како целина.

**1.8.Резиме на извршената работа**

Основ за нашиот ангажман е Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна донесена од Управниот одбор на Фруктал Мак АД, Скопје на седницата одржана на 29.10.2021 година, а која Предлог Одлука е ставена на дневен ред на Собранието на акционери на Друштвото, закажано на ден 3.12.2021 година.
Со Предлог одлуката е понудена следната зделка:

1.Зделка со ФУКТАЛ ДД, Ајдовшчина Словенија како продавач на стоки и давател на услуги по пазарни цени;
-лиценца 100.000 евра;
-репроматеријали, суровини до износ од 780.000 евра;
-дистрибуција и други услуги до износ од 250.000 евра;

Зделка со ФУКТАЛ ДД, Ајдовшчина Словенија како купувач на стоки и корисник на услуги по пазарни цени:
-полупроизводи (каши) во износ од 430.000 евра;
-репроматеријали и суровини во износ од 40.000 евра;

2.Зделка со НЕКТАР Србија како продавач на стоки и давател на услуги по пазарни цени;
-лиценца 40.000 евра;
-репроматеријали, суровини до износ од 1.200.000 евра;
-дистрибуција и други услуги до износ од 65.000 евра;

Зделка со НЕКТАР Србија како купувач на стоки и корисник на услуги по пазарни цени:
-готови производи, сокови и сирупи во износ од 50.000 евра;
-полупроизводи 200.000 евра;
- одпадна амбалажа 10.000 евра;

3.Зделка со ФУКТАЛ ДД, Ајдовшчина Словенија како давател на кредит;
-кредит во износ од 2.500.000 евра

Вкупната вредност на зделката изнесува 5.165.000 евра. Оваа зделка според последните ревидирани годишни финансиски извештаи преставува 57.93 % од вредноста на активата на друштвото.

Методот на споредлива неконтролирана цена, е избран како соодветен за тестирање на трансакциите за набавка и продажба на репроматеријали, суровини, готови производи и полупроизводи.

За потенцијалниот кредит од ФРУКТАЛ ДД, Ајдовшчина во износ од 2.500.000 евра согласно податоците од страна на Народна банка на Република Македонија согласно новата методологија за одобрување на девизни кредити во евра на кредити над еден милион евра, нема јавно достапен податок за каматна стапка на годишно ниво. Согласно локалната легислатива каматните стапки за заеми помеѓу поврзани лица изнесува ЕУРИБОР стапка плус еден процентен поен.
За анализа на услугите на користење на лиценца на поврзани лица го користевме методот на споредливи неконтролирани цени.

**Страни и корисници во зделка со заинтересирана страна се:**

Фруктал Мак АД Скопје во својство на купувач и продавач на репроматеријали, суровини, готови производи и полупроизводи, како и користење на лиценци и кредит од ФРУКТАЛ ДД, Ајдовшчина Словенија и Нектар Србија.

ФРУКТАЛ ДД, Ајдовшина Словенија во својство на продавач и купувач на репроматеријали, суровини, готови производи и полупроизводи, како и давање на лиценци и кредит на Фруктал Мак АД Скопје.

НЕКТАР Србија во својство на продавач и купувач на репроматеријали, суровини, готови производи и полупроизводи, како и давање на лиценца на Фруктал Мак АД Скопје.

**Заинтересирани страни во зделката се:**

Заинтересирани страни во зделката се членовите на Управниот одбор кои се управувачки поврзани лица, со сопствениците на Фруктал Мак АД Скопје.

**Останати согледувања**

Не постојат било какви специфични ограничување кои влијаеле на формирањето на заклучокот.

Не постојат било какви останати отворени суштински прашања за зделката со заинтересирана страна.

**2.Заклучок**

Според наше мислење, а врз основа на извршените процедури при ангажман за разумно уверување, како што е опишано погоре, во однос на Предлог Одлуката за зделка со заинтересирана страна и потребата од одобрување на оваа Одлука, базирана на тврдењата на одговорната страна, врз основа на критериумите на Законот за трговски друштва и Законот за хартии од вредност, зделката е објективно искажана во сите материјални аспекти, а особено дека:

- зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата;
- зделката со заинтересирана страна е фер односно дека вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови, во согласност со важечките прописи во земјата;

- во зделката со заинтересирана страна не постои несразмерност во заемните давања на страните;
- во зделката со заинтересирана страна не постојат некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета со препораката до малцинските акционери да ја подржат зделката со заинтересирани страна;
- во досегашните финансиски извештаи на Фруктал Мак АД Скопје реално се прикажани врските и зделките со заинтересирана страна;
- не постојат ризик фактори при реализирање на предметната зделка со заинтреесирана страна, особено дека не постојат индикации од аспект на можна измама и манипулација.

Врз основа на претходното ние даваме препорака до малцинските акционери на друштвото да ја подржат зделката на седницата на Собранието на акционери,која одлука дополнително преставува услов за склучување на оваа зделка и делегирање на надлежност за реализација на зделката на органите на управување.

Препораката произлегува од погоре изнесеното, а во врска со одредбите на член 3 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на мислење што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (Сл. Весник на РМ 182 од 21 октомври 2015 година) и се изведува дека зделката е во согласност со императивните прописи на националното законодадство и истата е фер утврдена според пазарните услови и дадени околности во сите материјални аспекти, посебно пради настанување на одложениот услов-целосно спроведување на постапката за зделка со заинтересирана страна согласно со законските прописи, од кое одобрување зависи постоењето на целата зделка.

Овој извештај е изготвен во согласност со Меѓународниот стандард за ангажмани за уверување (МСАУ 3000), ангажмани за уверување кои не се ревизии или проверка на историски финансиски информации, кои се издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување, одредбите од член 460-а став 2 а в.в. со став 3 од Законот за трговски друштва и Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии акции од вредност котираат на берза (Сл.весник на РМ 67/2013 и 183/2015) и не може да биде користен за други цели или да се дистрибуира на друга странка. Тој се однесува на изнесеното во Предлог одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна како точка на дневен ред на Собранието на акционери на Фруктал Мак АД Скопје закажано на 3 декември 2021 година и не се однесува на работењето на Друштвото туку само на зделка со заинтересирана страна која треба да се состои во склучување на договори за набавки, продажби, кредити и лиценци.

Скопје, 3 ноември 2021 година

Овластен ревизор

Атанасовски Борислав

Расел Бетфорд Атанасовски
Доо Скопје

Управител

Атанасовски Борислав

Друштво за ревизија
РАСЕЛ
БЕДФОРД
АТАНАСОВСКИ
ДОО
Скопје

ИЗЈАВА ОД ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР

Јас, Борислав Атансовски, овластен ревизор, вработен во друштвото за ревизија Расел Бедфорд Атанасовски Доо Скопје, под полна материјална, морална и кривична одговорност изјавувам дека немам конфликт на интереси со Друштвото Фруктал Мак  АД, Скопје и дека во последните три години не сум давал консултански услуги на Друштвото Фруктал Мак АД, Скопје во смисла на Правилникот за подетално пропишување на условите и потребната документација за исполнување на условите за овластен ревизор кој дава мислење во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна.

Скопје 03.11.2021

Изјавил:

Борислав Атанасовски